**Известување за концентрација со која ТП Груп Плц, Обединето Кралство ќе стекне контрола над Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В., Холандија (предмет бр. 08-55/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 21.05.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ТП Груп Плц, друштво со ограничена одговорност, со јавно понудени акции, со седиште на Коди Технолоџи Парк Олд Ивели Роуд, Фарнборо, Хемпшир, GU14 0LX Обединето Кралство ќе стекне контрола над Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В. приватно друштво со ограничена одговорност, регистрирана канцеларија на Ријнстрат 3, 2223EG Катбајк, Холандија, преку купопродажба на акции.

**ТП Груп Плц, Обединето Кралство** е член на ТП Груп и е друштво кое врши крајна контрола на ТП Груп, која се занимава со системски инженеринг во секторот одбрана, разузнавање и обезбедување, како и во секторот вселена и енергетика.

**Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В., Холндија** и неговите зависни друштва, се занимаваат со обезбедување работна сила, инженеринг услуги и IT решенија за секторот вселена и одбрана во Европа.

Сапиенза Консалтинг Холдинг Б.В., Холндија посредно (преку свои зависни друштва) има друштво основано во Република Северна Македонија - Сапиенза Балканс ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Партизански одреди 15А Скопје, Северна Македонија. Друштвото во моментот на поднесување на известувањето не е активно.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.05.2019 година
Скопје